ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Општина Арачиново

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на сметка на основен буџет (630) за 2021 година

**Цел на ревизијата:**
Да се добие разумно уверување дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања, а рефлектираните активности и трансакции се во согласност со законската регулатива

**Клучни утврдени состојби:**
- општината не води регистар на недвижен имот, не издава решенија за задолжување за данок на имот на физички и правни лица, а данокот на промет на недвижности и данок на наследство и подарок не се утврдуваат согласно Методологијата за утврдување на пазарната вредност;
- општината не остварува приходи по основ на: комунална такса на фирма, комунална такса за користење на музика во јавните локали, комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места и приходи од надоместок за уредување на градежно земјиште;
- не е воспоставена аналитичка евиденција на побарувањата за физички и правни лица.

**Издадено мислење*:**
Изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, сметка на основен буџет (630) за 2021 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни системски слабости:**
Нецелосен увид во наплатата и потврдувањето на приходот по основ на комунална такса што се плаќа при регистрација на возила и Комуналната такса за користење и одржување на јавно осветлување.

**Клучни препораки:**
Градоначалникот на општината да преземе мерки и активности за:
- воспоставување регистар на недвижен имот и негово ажурирање и издавање решенија на даночните обврзници за нивно задолжување и навремена наплата на побарувањата по овој основ;
- утврдување и наплата на комуналните такси и водење на соодветна евиденција согласно законските и подзаконски акти;
- воспоставување на аналитичка евиденција на побарувањата за физички и правни лица.

**Добиени забелешки на Нацрт извештај:**
Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот бр.133/1 од 25.01.2023 година на сметка на основен буџет (630) за 2021 година.

**Одговор на добиени забелешки:**
/

***** позитивно, со резерва, неповолно, воздржување



INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-025/2018